# ООУ ”Св. Климент Охридски” Битола

**адреса: ул.„Димче Лахчански” б.б.- Битола, Битола**
**e-mail:** ousvkobitola@yahoo.com
**web:** www.ousvklimentohridskibt.weebly.com
**тел: 047/255737**
**факс: 047/252733**

## РАЗВОЕН ПЛАН

за работа на ООУ „Св. Климент Охридски“- Битола
за периодот 2022-2026 година






јуни, 2022 годин

# СОДРЖИНА

1.ВОВЕД....3
2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО....4
3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО....4
4. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО....5
Општи податоци за училиштето....5
Просторни услови за работа во училиштето....5
Материјално-технички услови....6
Ученици....9
Наставен и ненаставен кадар....10
Степен на образование на вработените....10
Старосна структура на вработените....10
5. АНАЛИЗА ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛВАЦИЈА....12
6. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО....20
7. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ....21
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Подобрување на материјално-техничките услови за учење и работа во училиштето....24
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.1: Обезбедување услови за безбеден престој на учениците во училиштето....24
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.2: Оплеменување на училниците и училишниот двор....27
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1.3: Реновирање на фискултурната сала за изведување на современа настава....28
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 : Подобрување на квалитетот на наставата преку осовременување на наставни средства и технички помагала....29
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.1: Доопремување на кабинетите и училниците со нагледни средства, технички помагала, набавка на потрошен материјал....29
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2.2: Збогатување на книжниот фонд на библиотеката со нови лектирни изданија и стручна литература....32
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 : Подобрување на успехот на учениците во наставата....34
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.1: Примената на индивидуализирана настава....34
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3.2.Промени во работата на стручните актив....35
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 : Професионален развој и следење на развојните потреби на кадарот....37
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 4.1: Стручно усовршување на наставниот кадар, стручните соработници и раководниот кадар....37
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 4.2: Едукација на наставниот кадар за спроведување на проектите во наставата....39
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5 : Креирање и реализирање на целите на образовната политика....40
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 5.1: Вклучување на родителите во креирање на училишните политики....40
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 6: Зачестена вербална и невербална комуникација со јавноста (родители, медиуми)....42
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 6.1: Унапредување и продлабочување на комуникацијата со родителите....42
РАЗВОЈНА ЦЕЛ 6.2. Потпишување на меморандум за соработка со правни субјекти....43
8. ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН....44

# 1.ВОВЕД

*Реализацијата на воспитно-образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Сепак денес, во општествени услови на интензивни и динамични промени, повеќе од било кога порано, нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштата. Овој Развоен план е во насока кон систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период, а како интегрален дел од Годишните програми и Развојниот план за работа на директорот.*

*Во текот на учебната 2022/23 година е реализирана самоевалвација на училиштето за проценка на квалитетот на работата во сите подрачја на делување, а во месец јануари е реализирана интегрална евалвација на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат. Анализата на добиените резултати и препораките од интегралната евалвација се основа за формирање на приоритетите на училиштето, конструкцијата на акциониот план кој ги содржи сите потребни елементи во насока на надминување на утврдените слабости. Реализацијата на сите поставени цели и задачи ќе биде во согласност со Законските нормативи и Статутот на училиштето за успешна реализација на планирањата. Исто така, оваа програма има за цел добро програмирани и поставени задачи, форми, методи и рокови за успешна реалзација на целите, како и да се следат, анализираат и проучуваат одредени проблеми кои ќе се појават во текот на работењето. Директорот ќе биде тој што ќе ја следи визијата на училиштето и ќе се обиде да ја реализира мисијата на училиштето.*

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | „Св. Климент Охридски“ |
| **Адреса, општина, место** | „Димче Лахчански “б.б, Битола, Битола |
| **Директор** | Гордана Анастасова |
| **Телефон** | 047/255737 |
| **Факс** | 047/252733 |
| **Електронска пошта** | ouklimentbt@yahoo.com |
| **Веб срана** | www.ousvklimentohridski.weebly.com |
| **Лого на училиштето** | |

## 3. ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

Пред 32 години, во учебната 1989/90 година, во новоизграден објект започна со работа училиштето ООУ „ Св. Климент Охридски“ лоцирано во Брусничко- лавчанскиот регион на Битола. Со својата педагошка функционалност овозможува опфат на над 1000 ученици од предвидениот реон, планиран според реонизацијата подготвена од општината Битола, а се ученици- обврзници кои учат во деветгодишното образование.

Целта на сите активности преземени во нашето училиште е да обезбеди сигурна и безбедна средина за учениците, а со реализацијата на својата воспитно- образовна дејност, овозможува да се формираат личности кои во иднина ќе бидат подготвени со своите знаења и разбирања да изградат лични особини со кои ќе можат да се соочуваат со предизвиците на животот. Истите ќе бидат оспособени да градат соживот со сите заедници кои живеат во нашата мултиетничка држава, а за таа цел потребна е целосна кооперативност на сите чинители вклучени во овој процес.

# 4. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА УЧИЛИШТЕТО

## Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | „Св. Климент Охридски“ |
| **Адреса, општина, место** | „Димче Лахчански “б.б, Битола, Битола |
| **Телефон** | 047/255737 |
| **Факс** | 047/252733 |
| **Е-меил** | ouklimentbt@yahoo.com |
| **Основано од** | СИЗ за образование и наука |
| **Верификација-број на акт** | 13-162/90 |
| **Година на верификација** | 1990 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1989 година |
| **Тип на градба** | тврда градба |
| **Површина на објектот** | 5109 $m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 15840 $m^2$ (заедно со спортските терени) |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1487 $m^2$ |
| **Училиштето работи во смена** | да |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење со нафта |
| **Број на одделенија** | 9 одделенски совета |
| **Број на паралелки** | 45 |
| **Број на смени** | 2 и 1 меѓусмена |

## Просторни услови за работа во училиштето

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 зграда, централна и 1 зграда, подрачно училиште |
| **Училиштен двор** | да |
| **Број на подрачни училишта** | 1 |
| **Бруто површина** | 20949 $m^2$ |
| **Нето површина** | 1523 $m^2$ |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | 2 |
| **Број на училници** | 28 |
| **Број на помошни простории** | 13 |
| **Училишна библиотека** | 2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно греење на нафта |

## Материјално-технички услови

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Математика-предметна настава | шестари-5, 2Д и 3Д форми-жичани и дрвени- 47, линијари ( триаголници) -6 | шестари, линијари, големи агломери, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Математика-одделенска настава | шестари-1, линијари-4 | шестари, линијари, агломери, 2Д и 3Д форми, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Македонски јазик- предметна настава | постоечката литература во училишната библиотека | аудитивни, визуелни и аудио-визуелни средства, ЦД, образовни софтвери; функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Македонски јазик- одделенска настава | постоечката литература во училишната библиотека | аудитивни, визуелни и аудио-визуелни средства, ЦД, образовни софтвери; функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Англиски јазик- предметна и одделенска настава | ЦД плеер | ЦД, ДВД, ЛЦД проектор, интерактивна табла, речници, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Германски јазик | ЦД плеер | ЦД, ДВД, ЛЦД проектор, интерактивна табла, речници, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Италијански јазик | / | ЦД, ДВД, ЛЦД проектор, интерактивна табла, речници, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Физика | лабараториски волтметар-1, галванометар-1, магнетни игли-1, потковичест магнет-1,цинковни електроди- 2, пластична призма-1, тег од 1 кг-2, тег од 2кг- 1, мензура 250 цм$^3$-1, мензура 100цм$^3$-2, термометар 50$^0$ С-1 | прибор и материјали за практична демонстрација пред учениците, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Хемија | Шпиртна ламба-4, модел за молекули-1, периоден систем-4, сталак за епрувети-10, паковање епрувети-3, | прибор и материјали за практична демонстрација пред учениците, |

| | | |
|---|---|---|
| | етанол шише-1 | функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Техничко образование | контролни кутии-2, комплет ЛЕГО-2, соларен комплет-4, ножици-8, продолжен кабел-2, печатар-2, одвртувач-3, клешти-2, сталки-11, синџир за натпревар-1, контролен уред-2, едуробот-1, пластичен шестар-1, дрвен триаголник-2, комплет делови-8, клешти за изолација-4, секачи- 8 | потрошниот материјал и опремата што се расипува или оштетува да биде надокнадена, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Информатика | 2 куќишта, 28 монитори, ЛЦД проектор, печатачи 2 | функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Биологија | компјутерски микроскоп-1, светлосен микроскоп-1, епископ-1, проектор-1, модел- човечки труп-1, модел- бели дробови-2, модел-вилица-1, модел-бубрег-2, модел-мозок-1, модел-грло(големо)-2, модел-череп-1, модел скелет од човек-1, модел-око-1, модел-грло(мали)-2, слика-отровни печурки-1, ботанички слики-1, слика-скелет-2, слика-мускули-1, слика-око-2, слика-срце-2, слика-кожа-1, слики од: внатрешни органи, крв,око-1, модел-уво-1, биолошки атласи-4, модел-човек од гипс-1, лупа-5, модел-пресек на лист-1, шпиртна ламба-1, слики-животни-5, слики-растенија-5, препарирани птици-5, препарирана верверица-1, модели-толчници-2 | функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Географија | индукционен глобус-1, глобус-2, стопанска карта на Македонија-1, физичка карта на Македонија-1, карта на Австралија и Океанија-1, карта на Африка-1, карта на Европа-1, политичка карта на Европа-1, карта на С. Америка-1, карта на Ј.Америка-1, цркви и манастири во Македонија-1, карта на Азија-1, карта на Балканскиот полуостров-1, карта на СФРЈ-1, | функционални лаптопи за учениците и наставниците, замена на старите и оштетени карти |
| Историја | карта од I светска војна, карта од II светска војна, карта на југословенските земји ( 930 г. и 14.век), карта на Европа-( 1815-1849), карта на развојот на римската држава, карта на Европа во 18. и во 20. век, карта на времето на откритијата, карта на античка Македонија, карта на мак.држава во времето на Александар | замена на старите и оштетени карти, функционални лаптопи за учениците и наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| | Македонски, карта на Хелада и Јужен Балкан, карта на освојувањата на Наполеон, карта на југослов.земји- 19. и 20. век- по една карта од сите | |
| Музичко образование-предметна настава | клавир-1, ЦД плеер, мандолини, контрабас, гитари | музички систем,телевизор,ДВД, компјутер со соодветни програмски пакети со музички програми,Smart – 37табла,фонотека (збирка на аудио-видео ЦД), детски музички инструменти и др., функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Музичко образование-одделенска настава | ЦД плеери-5 | различни детски музички инструменти: триангл, ксилофон, флејти, ЦД плеери, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Ликовно образование-предметна настава | / | аудио-визуелни средства, дигитален фотоапарат, дигитална камера, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Ликовно образование-одделенска настава | / | функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Физичко и здравствено образование-предметна настава | сталажи за подлога-10, гимнастички обрачи- 31, чуњеви- 27, јажиња-21, медицинки-3, мрежа за одбојка- 1, мрежа за кошеви-4, сталки-23, мрежи за топки-3, топки за одбојка-23, топки за кошарка-26, топки за ракомет-22, ракометни медицинки-2, топки за фудбал- 15 | топките, потрошниот материјал и опремата што се расипува или оштетува да биде надокнадена |
| Физичко и здравствено образование-одделенска настава | топки-2, јажиња- 5 | топки, обрачи, јажиња, ниска греда, чуњеви, медицинки |
| Природни науки | / | лупи, џебни сијалички, слики и модели од органите кај човекот, прибор и материјали за практична демонстрација пред учениците, функционални лаптопи за учениците и наставниците, 2 микроскопи, |

| | | |
|---|---|---|
| | | ВР очила |
| Општество | 2 карти на Македонија | географски карти на Македонија, светот, Балканскиот Полуостров, глобуси, функционални лаптопи за учениците и наставниците |
| Работа со компјутери и основи на програмирањето | голем број лаптопи за учениците-нефункционални | функционални лаптопи за учениците и наставниците |

## Ученици

Во оваа учебна година, во училиштето учат 1007 ученици, а во I одделение беа запишани 137 ученика, календарски обврзници, односно родените во 2009 година и во јануари 2010 година. Сите првоодделенци, според списокот на МВР се опфатени за започнување на деветгодишното основно образование.

| **Број на ученици по одделенија и национална припадност** | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Одд.** | **Број На пара-лелки** | **Број на ученици** | **Етничка и родова структура на учениците** | | | | | | | | | | | |
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 5 | 123 | 62 | 61 | | | | | | | | | | |
| **II** | 5 | 96 | 35 | 61 | | | | | | | | | | |
| **III** | 5 | 103 | 58 | 42 | 1 | 1 | | | | | 1 | | | |
| **I-III** | 15 | 322 | 155 | 164 | **1** | 1 | | | | | 1 | | | |
| **IV** | 5 | 135 | 63 | 71 | **1** | | | | | | | | | |
| **V** | 5 | 97 | 50 | 42 | | 1 | 2 | 2 | | | | | | |
| **IV-V** | **10** | 232 | **113** | **113** | **1** | **1** | **2** | **2** | | | **1** | | | |
| **VI** | 5 | 114 | 60 | 54 | | | | | | | | | | |
| **VII** | 5 | 122 | 59 | 61 | 1 | | 1 | | | | | | | |
| **VI-VII** | 10 | 236 | 119 | 115 | **1** | | 1 | | | | | | | |
| **VIII** | 5 | 111 | 58 | 50 | | | | | | | 1 | 2 | | |
| **VII-VIII** | 10 | 233 | 117 | 111 | **1** | | 1 | | | | 1 | 2 | | |
| **IX** | 5 | 111 | 64 | 43 | | 2 | | | | | | 2 | | |
| **VIII-IX** | 10 | 222 | 122 | 93 | | 2 | | | | | 1 | 4 | | |
| **VI-IX** | **20** | 458 | **241** | **208** | **1** | **2** | **1** | | | | **1** | **4** | | |
| **I-IX** | **45** | 1012 | **509** | **485** | **3** | **4** | **3** | **2** | | | **2** | **4** | | |

| НАСТАВЕН ЈАЗИК | МАКЕДОНСКИ | АЛБАНСКИ | ТУРСКИ | СРПСКИ |
|---|---|---|---|---|
| БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ | 45 | | | |
| БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | 1013 | | | |
| БРОЈ НА НАСТАВНИЦИ | 67 | | | |

## Наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 90 | 16 | 74 | | | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 69 | 11 | 58 | | | | | | | | | | |
| Број на воспитувачи | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 4 | 2 | 2 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | | | |
| Помошно-техничка кадар | 12 | 3 | 9 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | 0 | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | / | | | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето) | / | | | | | | | | | | | | |

## Степен на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии-втор циклус | 3 доктор на науки<br>5 магистер |
| Високо образование | 66 |
| Виша стручна спрема | 3 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 10 |

## Старосна структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 1 |
| 31-40 | 33 |

| | |
|---|---|
| **41-50** | **23** |
| **51-60** | **25** |
| **61- пензија** | **8** |

## 5. АНАЛИЗА ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛВАЦИЈА

| ЈАКИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br>• Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН и се реализираат во пропишаниот обем.<br>• Во училиштето со децата со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми- ИОП, кои наставникот ги изработува сам или со дефектологот на училиштето.<br>• Наставниците ги вклучуваат децата со посебни образовни потреби при реализација на проекти.<br>• Постапката за изборни предмети се спроведува во целост како што е потребно и во училиштето се реализираат проширени програми според можностите и потребите на учениците.<br>• Во програмите на наставниците се интегрирани еколошки теми и во текот на учебната година повеќе пати се реализираат теми со еко содржини.<br>• Со родовата и етичката перспектива на образованието се обезбедува порамноправно образование за сите<br>• Во наставните програми во нашето училиште се планираат насоки за вградување на меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Македонија како мултикултурно општество) и истите во целост се почитуваат од страна на наставниците.<br>• Во наставните планови и програми се интегрирани МИО содржини во доволна мера кои во текот на учебната година редовно се применуваат што придонесува за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.<br>• Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците (во споредба со минатата | • Родителите сметаат дека нашето училиште преку своите формални органи во недоволна мера планира активности за прибирање и разгледување на мислења од нив како родители , за наставните планови и програми од аспект на мултикултурализмот и родовата еднаквост.<br>• Кај најголем број од наставниците и родителите не постои иницијатива за доставување на барања до МОН/БРО за измени или дополнувања на наставните планови и програми, а се со цел за подобрување на основното образование. Додека пак малиот број на родители што се изјаснија дека поднеле барања до МОН/БРО и се со впечаток дека истите немаат слух по однос на барањата.<br>• Најголем број од испитаниците сметаат дека не се доволно вградени содржини и активности за културата и традицијата на локалната средина и дека треба да се вградат уште вакви содржини.<br>• Учениците имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности (тука е забележан раст во однос на претходната самоевалуација, но се уште сме на ставот дека треба да се подобрува) |

| | |
|---|---|
| самоевалуација има мал пад во процентот на родители кои имаат позитивен одговор, но и натаму просекот е повеќе од половината)<br>• Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој,без оглед на нивниот пол,етничка и социјална припадност<br>• Учениците се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор е подрачје во кое се забележува позитивен тренд во споредба со самоевалуацијата од 2020 година<br>• Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално,национално или на меѓународно ниво<br>• Се користат средства (училиштен весник, веб страна, социлајни мрежи, разглас, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив (се забележува намалување во споредба со минатата самоевалуација, но се уште е голем процентот на позитивни одговори)<br>• Наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми ( се забележува намалување на процентот споредбено со минатата самоевалуација и сметаме дека во следниот период треба да се работи на тоа подобрување)<br>• Училиштето има инструмент со кој ги следи постигањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди.<br>• Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и јазикот на наставата по сите наставни предмети<br>• Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат- Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата;<br>• Училиштето планира и презема конкретни активности за постојано подобрување на постигањата.<br>• Наставниците од училиштето им даваат поддршка на учениците кои имаат | • Учениците доволно осознаваат за зависноста од дрога,алкохол како и за полово преносливите болести(HIV-сида) и репродуктивно здравје(формирање на семејство и сл.) ( во споредба со претходната самоевалуација е забележан пад на процентот кај испитаниците, па сме на мислење дека постои простор за напредок)<br>• Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни потреби во воннаставните активности (иако во споредба со претходната самоевалуација е забележан мал пад на процентот кај испитаниците, сме на мислење дека постои простор за напредок)<br>• Учениците не се доволно вклучени во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.).<br>• Поголема актуелизација и информирање на родителите за одржување на активности во хетерогени групи и активности со меѓуетнички карактер.<br>• Зголемување на бројот на активности (наставни и воннаставни) од меѓуетничка интеграција<br>• Училишниот простор, вклучувајќи ја и салата за физичко образование и училишниот двор делумно ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот<br>• 25% од родителите и учениците и 40% од наставниците делумно се согласуваат дека постојат пријатни просторни услови за |

| | |
|---|---|
| тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br>• Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици<br>• Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.<br>• Училиштето превзема различни активности за запишување на сите деца од реонот (Роми, деца со посебни образовни потреби и сл.)<br>• Училиштето води евиденција за тоа дали по завршувањето на основното училиште учениците го продолжиле образованието<br>• Училиштето ја следи редовноста на учениците и преку соработка со родителите и институциите презема активности за намалување на одсуствата<br>• Следењето и анализирањето на редовноста на учениците;<br>• Училиштето има систем за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;<br>• Училиштето презема активности за намалување на бројот на ученици кои го напуштаат образованието<br>• Училиштето ја почитува постапката за премин од едно училиште во друго, ги бара и ги доставува значајните информации за извршувањето на трансферот.<br>• Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето;<br>• Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи.<br>• Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците.<br>• Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни | одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на вонаставни активности за учениците<br>• Наставниците, учениците и родителите делумно се согласуваат дека училиштето има училишни работилници за практична обука на учениците (кабинет за ТО, хемија, медиотека, информатика)<br>• Голем дел од учениците се изјасниле дека училишната зграда и простор се делумно пристапни за сите.<br>• Повеќе од половина од учениците и родителите се изјасниле дека делумно се согласуваат дека училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонаставните активности.<br>• Половина од наставниците целосно, а другата половина делумно се согласуваат дека Директорот иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем<br>• Во училиштето, мисијата и визијата ја отсликуваат заложбата за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>• Земање во предвид на мислењата на родителите и учениците при креирањето на политиките.<br>• навремена детекција на потребите од материјално технички средства<br>• проверка на функционалноста на постојните нагледни средства со кои располага училиштето |

| | |
|---|---|
| институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП<br>• Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба<br>• Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности.<br>• Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br>• Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати.<br>• Наставниците планираат во рамки на стручните активи, користат дигитални содржини, преку регионална соработка со други училишта, консултираат експерти, користат меѓународни искуства и др<br>• Училиштето навреме изработува распоред за додатна и дополнителна нас тава, слободни часови/проектни активности и тој се реализира според предвидената динамика.<br>• Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план почитувајќи го најдобриот интерес на детето.<br>• Училницата учениците ја доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење<br>• Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето.<br>• Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот.<br>• Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат , да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.<br>• При решавањето на проблеми и одлучување повеќето наставници го земаат во предвид мислењето на учениците. | • обезбедување на повеќе средства за континуирано одржување на постојните наставни средства и помагала<br>• училиштето постојано соработува со локалната заедница во однос на подобрување на инфраструктурата<br>• училиштето обезбедува подеднакви услови за работа за сите ученици подеднакво.<br>• постојано ревидирање плановите за осовременување на инфраструктурата на училиштето<br>• Училиштето малку или делумно ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. |

| | |
|---|---|
| • Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето<br>• За повеќето ученици голем дел од активностите во училиштето се интересни и пријатни.<br>• Доколку наставникот забележи пречки во учењето навремено превзема мерки за нивно отстранување<br>• Наставниците имаат посебен начин на работа доколку некој ученик имаат посебни потреби или потешкотии во учењето.<br>• Учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот наставникот ги советува редовно да посетуваат дополнителна настава.<br>• Талентираните и надарените ученици редовно посетуваат додатна настава и учествуваат на натпревари<br>• Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.<br>• Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои родителите се целосно запознаени.<br>• Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.<br>• Родителските средби се добро организирани и корисни и на нив јасно се пренесуваат информациите.<br>• Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата<br>• Родителите редовно го користат електронскиот дневник за да се информираат за успехот и повдението на своите деца.<br>• Во училиштето не постои тепање, насилство, малтретирање, вознемирување, злоставување на учениците,<br>• Во училиштето нема алкохол, дрога, коцкање и порнографија<br>• Училишниот двор и зграда се безбедни и уредни, учениците и наставниците се чувствуваат безбедно во нив и постои ред и дисциплина | |

| | |
|---|---|
| • Учениците во училиштето стекнуваат вештини поврзани со нивниот социјален и личен развој<br>• ППС на училиштето им ја дава потребната поддршка на учениците<br>• Учениците ги сакаат своите права и ги практикуваат притоа почитувајќи ги правата на другите<br>• Сите вработени во училиштето се запознати со правата на децата и знаат како да ги почитуваат во практиката<br>• Училиштето ги запознава и родителите со правата и обврските на децата<br>• Преку наставата и воннаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија<br>• Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија, како и во воннаставните активности.<br>• Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови<br>• Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во училишен одбор<br>• Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.<br>• Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.<br>• Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето.<br>• Училиштето промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во пошироката средина.<br>• Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.<br>• Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот | |

| | |
|---|---|
| сектор и активно учество на вработените во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво.<br>• Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките<br>• Наставиците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и и ефикасно ги користат во наставата и учењето;<br>• Наставниците и учениците имаат пристап до интернет;<br>• Поголем процент од наставниците сметаат дека Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата и воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>• Голем процент од родителите сметаат дека Директорот го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието.<br>• училиштето има план за следење и евалуација на реализираните активности<br>• вработените, пак, постојано добиваат обуки кои се во согласност на планот за нивниот професионален развој<br>• Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика;<br>• Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите;<br>• Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето | |

| ПРИОРИТЕТИ |
| --- |
